ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
Бр. 03-6841/1
23.07. 2025 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор, член 37-и од Законот за јавните претпријатија, член 22 и 23 од Законот за работните односи и одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на поднесување на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата и бодирање во постапката за селекција за вработување во ЈП за ПУП Прилеп, а согласно Измена на Годишниот план за вработување во 2025 година во ЈП за ПУП Прилеп, Директорот на ЈП за просторни и урбанистички планови Прилеп, објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС бр.1/2025
за вработување на даватели на јавни услуги
на неопределено време

1.Раководител на одделение за проектирање, урбанистичко планирање и ГИС , шифра КДР 03 05 А03 063 – 1 извршител
2.Проектант, шифра КДР 03 05 Б01 073- 1 извршител и
3.Помошник возач на специјално возило пајак, шифра КДР 03 05 Б04 051-1 извршител

Општи услови за сите работни места:
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови за работното место: **Раководител на одделение за проектирање, урбанистичко планирање и ГИС**
- најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Архитектура урбанизам и планирање,
- со работно искуство за нивото А3 најмалку две години работно искуство во струката, од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно место во приватен сектор
- Овластување за изработка на планска документација;
-Овластување за ревизија на планска документација;
-Овластување „А“ или „Б„ за изработка на проектна документација;
-Овластување „А“ или „Б„ за ревизија на проектна документација
-Овластување „А“ или „Б„ за изработка на проектна документација од противпожарна заштита и
-Овластување „А“ или „Б„ за изработка на проектна документација од енергетска ефикасност-архитектура.
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски,германски)

Работно време: 40 часа неделно од понеделник до петок, од 07:30 до 15:30 часот,и нето плата 34.333,00 денари.

Посебни услови за работното место: **Проектант**

- најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VI Б степен,Архитектура, урбанизам и планирање

- со работно искуство за нивото Б1 најмалку три години работно искуство во струката

-Овластување „Б" за изработка на проектна документација

-Овластување „Б" за ревизија на проектна документација

Работно време: 40 часа неделно од понеделник до петок, од 07:30 до 15:30 часот,и нето плата 31.055,00 денари.

Посебни услови за работното место: **Помошник возач на специјално возило пајак**

-најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование

-за нивото Б4 со и без работно искуство во струката

-возачка дозвола-Ц категорија

-сертификат за работа на специјално возило за подигање на возила

Работно време: 40 часа неделно од понеделник до петок, од 07:30 до 15:30 часот,и нето плата 27.015,00 денари.

Кон пријавата, кандидатите потребно е да ги достават следните документи за исполнување на потребните услови за работното место (во оригинал или копија заверена на нотар):

Доказ за државјанство,

Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност,

Лекарско уверение за општа здравствена способност,

Доказ уверение-диплома за завршено соодветно образование,

Доказ за работно искуство (документ од АВРМ)

Дополнителни документи за работното место под реден број 1:

Овластување за изработка на планска документација;

Овластување за ревизија на планска документација;

Овластување „А" или „Б„ за изработка на проектна документација;

Овластување „А" или „Б„ за ревизија на проектна документација

Овластување „А" или „Б„ за изработка на проектна документација од противпожарна заштита;

Овластување „А" или „Б„ за изработка на проектна документација од енергетска ефикасност-архитектура;

активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и

активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски,германски).

Дополнителни документи за работното место под реден број 2:

Овластување „Б“ за изработка на проектна документација и
Овластување „Б“ за ревизија на проектна документација

Дополнителни документи за работното место под реден број 3:
Доказ Возачка дозвола Ц-категорија и
Сертификат за работа на специјално возило за подигање на возила

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Постапката за селекција за вработување се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, проверка на приложените докази и интервју.

Изборот на кандидати ќе се изврши во рок од 15 (петнаесет) дена по завршување на постапката за селекција за вработување.

Кандидатите се пријавуваат на јавниот оглас со пополнување на пријава за вработување која може да се подигне во архивата на ЈП за ПУП Прилеп на адреса Ул.Крушевска бр.11А Прилеп, или на веб страната на претпријатието www.jpzapup.com.

Огласот трае 15 (петнаесет) дена сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат (во три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот), а истиот е објавен и на интернет страницата на претпријатието.

Пријавите со сите потребни документи да се достават на адреса: ЈП за ПУП Прилеп, Ул.„Крушевска“ бр.11А Прилеп, лично или по пошта. Контакт телефон 048/401-725.

Ненавремените, некомплетни и неуредно пополнети пријави нема да се разгледуваат.

ЈП за просторни и урбанистички планови Прилеп
Директор
Бранко Нешкоски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

ул. "Прилепски бранители" бр.1, 7500 Прилеп ; тел. 048 401 725 ; www.jpzapup.com

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРИЈАВА
НА ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

1. Податоци за огласот:	
Број на јавниот оглас	
Реден број на работното место за кое се пријавува	
2. Лични податоци за кандидатот:	
Име	
Презиме	
Припадност на заедница	
Адреса и место на живеење	
Контакт телефон	
Електронска адреса	
3. Изјава за исполнување на општите услови:	
Да е државјанин на Р.С Македонија	ДА / НЕ
Активно да го користи македонскиот јазик	ДА / НЕ
Да е полнолетен	ДА / НЕ
Да има општа здраствена способност за работното место	ДА / НЕ
Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.	ДА / НЕ
4. Изјава за исполнување на посебните услови:	
Да има соодветни стручни квалификации потребни за работното место	ДА / НЕ
Да има соодветно работно искуство потребно за работното место	ДА / НЕ
Да поседува соодветни работни компетенции за работното место	ДА / НЕ
5. Докази кои се приложуваат кон пријавата:	

*Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошната постапка.

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во образецот за пријавата за вработување се веродостојни и дека на барање на надлежниот орган ќе доставам докази, во оригинал или копија заверена на нотар.

Согласен сум сите известувања да ми се доставуваат на електронската адреса или преку SMS порака на мобилниот телефон, односно на адресата наведена во пријавата.

Датум на пријавување: Подносител на пријавата: